**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5139/**

# З А П И С Н И К

**Од 256.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 27.08.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Раководител на Одделение за планирање и реализација на буџети во МРТ.

Седницата започна во 15.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 255.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈРП МРТ во период од 01.04-30.06.2024 година.

3. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 255.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 255.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 255.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 255.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈРП МРТ во период од 01.04-30.06.2024 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димеска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2024-30.06.2024 година.
Виолета Димеска посочи дека ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во рамки на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и емитување на радио и телевизиски програми од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио, телевизија, сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји. Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.
Во второто тримесечје од 2024 година, во своето работење Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 311.928.535 денари и расходи во износ од 239.771.512 денари, при што е остварен позитивен финансиски резултат од 72.157.023 денари.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2024-30.06.2024 година без забелешки.

Претседателката на Програмскиот совет по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2024-30.06.2024 година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2024-30.06.2024 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2024-30.06.2024 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка разгледани беа неколку дописи кои беа пристигнати до Програмскиот совет на МРТ:
-Барање од Ѓорѓи Трпевски вработен во МРТ со бр.04-4018/1 од 01.07.2024 година.
-Барање од ССНМ со бр.03-4075/1 од 02.07.2024 година.

-Одлука за набавка на програмски содржини со бр.02-3896/2 од 02.07.2024 година.
-Одлука за набавка на програмски содржини со бр.02-4620/1 од 30.07.2024 година.
-Одлука за набавка на програмски содржини со бр.02-4974/1 од 20.08.2024 година.

Програмскиот совет на МРТ ги разгледа сите дописи и по однос на првото барање предложи
**Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ му препорачува на Менаџментот на МРТ при објавување на Интерни огласни да се има во предвид унапредување кај оние вработени во МРТ кои се со стекнато Високо образование а работат на пониски работни позиции .

-Заклучокот беше едгогласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 16.00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател